**изворен научен труд**

**УДК: 821.14'02-13=163.3: 81`255.4-05Prlič, G.]“18“**

# КРИТИЧКИТЕ ОДГЛАСИ ЗА ПРЛИЧЕВИТЕ ПРЕВЕДУВАЧКИ АКЦИИ НА ХОМЕРОВАТА *ИЛИЈАДА* ВО XIX ВЕК

**Дарин Ангеловски**

*Институт за македонска литература,*
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Македонија*

**Key words:** Homer, *Iliad*, Grigor Prličev, translation, XIX century, reception, critic

**Summary:** This paper examines the critical reflections of Prličev translations of Homer's *Iliad* into the artificial language, called by some scholars as “Slav coine”. Attention will be given on recommendation of the Prličev’s translation of the *Iliad* by Marko Balabanov, Lazar Jovchev and Petko Slaveikov as editors of the journal *Chitalishte* where the first book and part of the second book of the *Iliad* was published as well as to the extremely negative statements of Nesho Bonchev, Hristo Botev and Lyuben Karavelov and on the subsequent moderate critical points of view expressed by Konstantin Velichkov, Evtim Sprostranov and Alexander Teodorov- Balan.
Hence, translation of the *Iliad* by Prličev in this research is seen as an expression of the ideas of Slavic intercultural understanding that are present not only in translations, but also in Prličev creative identity and oeuvre.

**Клучни зборови:** Хомер, *Илијада*, Григор Прличев, превод, XIX век, рецепција, критика

**Резиме:** Трудот ги согледува критичките одгласи за Прличевите преведувачки акции на Хомеровата *Илијада* на т.н. општословенски јазик. Вниманието ќе биде насочено кон вредносните судови на уредниците на списанието *Читалище*, каде што бил објавен дел од првото пеење на *Илијадата,* Марко Балабанов, Лазар Јовчев и Петко Славејков. Во трудот, исто така, се согледуваат и крајно негативните искажувања на Нешо Бончев, Христо Ботев и Љубен Каравелов како и подоцнежните умерени критички стојалишта на оваа тема искажани од Константин Величков, Евтим Спространов и Александар Теодоров-Балан.
Оттука, преведувачката постапка на *Илијадата* се согледува како израз на идеите за словенско интеркултурно разбирање кои се присутни не само во преведувачкиот ами и во Прличевиот творечки идентитет и опус.

Во преводната оставина на Григор Прличев на делата од античката литература, според содржината на материјалот во фондовите на Државниот архив на Р. Македонија (ДАРМ) и во Архивот на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ), се забележани вкупно пет архивски единици кои се однесуваат на интегрални или фрагментарни преводи на бесмртната Хомерова *Илијада*. Овие материјали претставуваат преводи, кои се разликуваат едни од други според извесни отстапувања во однос на изворниот текст, па затоа денес тие се сметаат за преводни варијанти на ова капитално дело од хеленската книжевност. Три од нив, денес, се чуваат во фондот „Григор Прличев“ при Архивот на МАНУ. Тоа е преводот со ознака I/2, насловен како *Алфа на Илијада,* во обем од 25 листови со 48 ракописно испишани страници. Под ознаката I/3 се чуваат 2 листа со 4 страници испишан текст во ракопис (+1 лист со 2 страници испишан текст), додека под ознаката I/4 е заведена една варијанта на преводот на *Илијадата,* изведена на 38 листови, со 73 испишани страници во ракопис.

Во фондот „Григор Прличев“, при ДАРМ, евидентирани се вкупно две архивски единици кои се однесуваат на преводни варијанти на Хомеровата *Илијада*. Преводната варијанта од првата папка е заведена под архивскиот број 1.831.1.1./1-40 и е во обем од малку повеќе од 6000 стихови на 40 листови, односно 80 страници рачно испишан текст, додека другиот превод од втората папка (II/7) претставува фотокопиран текст на 5 листови и превод во машинопис на 9 листови.

Од белешката насловена како *Предговор*[1] која е непотпишана и се чува заедно со материјалите во фондот на Прличев при Архивот на МАНУ, дознавме дека Филозофскиот факултет од Скопје имал намера, како своја втора публикација, веднаш по објавувањето на поемата *Сердарот*, во 1952 год., да објави четири дотогаш познати варијанти од Прличевите препеви на *Илијадата*. Ценејќи ги како едни од поважните ракописи од архивата на Прличев, авторот на споменатиот предговор ги сумира нивните основни специфичности според формалните и техничките карактеристики.

Во предложената систематизација како прва преводна варијанта, сосема очекувано е означена објавата на првото и на дел од второто пеење од *Илијадата* што се појавува на страниците на периодичното

[1] Предговорот е изведен во машинопис со обем од пет еднострано испишани листови хартија, со формат А4. И покрај тоа што овој текст останал непотпишан, според ракописот на маргиналиите, со голема веројатност може да се посочи Блаже Конески како негов автор, кој своевремено работел на оформувањето на фондот на Григор Прличев.

списание *Читалище* од 1871 год. под наслов *Алфа на Илијада* и *Вита на Илијада*. За разлика од овие две песни, објавени во списанието *Читалище*, препевот со наслов *Алфа на Илијада,* што се чува во Архивот на МАНУ, содржи 207 стихови повеќе, а од друга страна, некои стихови што се објавени во Цариградското списание, во оваа верзија се испуштени.

Приредувачот на публикацијата како втора преводна варијанта имал намера да помести еден превод на *Илијадата* во обем од околу 4000 преведени стихови, пишувани на фина хартија, со модра боја, во формат 10:12, истата на која е транскрибирана и поемата *Сердарот.* Оваа варијанта ги содржи III, XII, XIII, XXI, XXII, XXIII, XXIV пеење или фрагменти од нив во десетосложниот стих на епската народна поезија.

Како трета преводна варијанта на *Илијада* бил предвиден еден ракопис испишан на големи страници хартија, во формат 21,5 см х 25,5 см и со сличен квалитет на хартијата како преводот на втората варијанта. Оваа верзија содржи малку повеќе од 6000 стихови на 80 страници, односно 40 листови, и денес се чува во ДАРМ.

Како четврта преводна варијанта на *Илијадата*, која требало да го најде своето место во изборот од преводи, е посочен еден кус фрагмент во превод на три страници. Во овој случај, претпоставуваме дека авторот на публикацијата ја имал предвид варијантата што денес се чува во ДАРМ, во машинопис, на 9 листови, со следнава пагинација: -1-; -1-А; -1-Б; /2/; -1Б-А;  /2/А; /2/Б и /3/, што упатува на заклучокот дека автографот броел 3 страници со текст или, можеби, станувало збор за варијантата I/3 од Архивот на МАНУ, која е составена од 2 листа во ракопис 8˚ и 1 лист, 16˚.

Познато е дека Прличев започнал да работи на преводот на *Илијадата* на покана на редакцијата на списанието *Читалище,* во 1870 год. При преведувањето се служел со повеќе изданија, меѓу кои и со француски превод и коментар (Настев, 1953: 34-35), а го консултирал и руското издание на Гнедичевиот препев и *Греческо – Рускьй Словарь*. Драгоцени податоци за начинот на кој работел врз преведувањето на стиховите добиваме од белешките испишани по маргините на двотомниот Грчко-руски речник, во издание на Московскиот филозофски факултет од 1848 год., што го добил како помош од редакцијата на списанието *Читалище*. На првиот непагиниран лист од речникот, по белешката испишана на француски јазик, Sans la langue

mechant ecrivain[2], која всушност, претставува цитат од Боаловата *Поетика* (Boileau, I, 161-162), стои забележан ставот кој директно се однесува на определбата да се твори и да се преведува на општословенски јазик: „Наречие без падежи е варварско, (некога) (пребришано) да имаы падеж и причастия и да не гы употребявамы то е еще поварварско“ (Поленаковиќ, 1973: 228). Во продолжение е запишана мислата „Велика книга, велико зло“ (Поленаковиќ, 1973: 229), веднаш по која стои краткото (авто)упатство: „Бъди кратък, ясен и легък, чтото да може да те чете и да те помни и най простй“ (Поленаковиќ, 1973: 229). Во продолжение, поетот – преведувач ја запишал и мислата која подоцна ќе му послужи како стожер при разработувањето на преведувачките принципи и од кои ќе произлезе неговата преведувачка теорија што, во неколку наврати, ќе ја изложи пред јавноста – најпрво, во неговото писмо до редакцијата на списанието *Читалище*, а потоа и во *Автобиографијата* и во есејот *Критик и преведувач*: „По тые правила направивх цветосъбрание, а не превод, зашчтото Омир (Илиядата) не е с свъ. писание“ (Поленаковиќ, 1973: 230). Кон овие размислувања стои запишано и убедувањето: „Уверен че списатель-тъ треба да пише не за мингели (ангел)“ (Поленаковиќ, 1973: 230), а веднаш до неа и една мисла во која се насетува дијалошката ориентација на преведувачот кон читателската публика: „който иска тачност нека земе Илияда Омиров или Гнедичева“ (Поленаковиќ, 1973: 230). Кон овие мисли, Поленаковиќ пренесува и една забелешка што Прличев ја запишал на преднасловниот лист од II том на Словарот, а се однесува на работата врз *Илијадата* и таа гласи: „Гнедичь точенъ, не всекаде „La poesie c’est la reason[3] днесь кой е лайно и вол не смее да рече лайно, вол. А свещеното писание и Омир... Не съ что ми си сыне ... това е грех вън э от природята“ (Поленаковиќ, 1973: 230).

Служејќи се со Грчко-рускиот речник и консултирајќи го Гнедичевиот препев на *Илијадата,* кој изобилувал со црковнословенизми и, на извесен начин, влијаел во изборот на преводната лексика, Прличев успеал да одговори на предизвикот според

[2] *Без јазик лош писател*

[3] *Поезијата е разум.*Димовска, покрај совпаѓањата со некои искази кај Боало, ја асоцира оваа изрека со 309-иот стих од Хоратиевиот спис „За поетската уметност“ кој гласи: „Scribendi recte sapere est et principium et fons“. *Првиот услов за добро пишување тоа е умот* (Димовска, 1994: 29).

сопствениот преведувачки образец кој го пренесува Балабанов заедно со дел од писмото што го добил од Прличев.[4]

Првиот дел од препевот на првото пеење од *Илијадата*, со наслов *Алфа на Илијада,* во обем од 142 стихови, се појавува на страниците на публикацијата *Читалище*[5]*,* со број 11, од 1.3.1871 год., заедно со придружен, но ненасловен текст на главниот уредник на списанието Марко Д. Балабанов[6] (Балабанов, 1871: бр. 11, 337-340).

Како познавач на хеленскиот јазик и на античката литература, Балабанов не случајно го започнува обраќањето, во духот на древната книжевна постапка на екфрасис со која старите автори во своите дела вметнувале описи на најразновидни ликовни дела (вазно сликарство, мозаик, скулптура, фрескоживопис итн.). Најавувајќи ја бесмртната и небесна поезија, тој го започнува своето екфрастичко проседе, со следниов опис: „Во еден од прочуените музеи во Париз, се наоѓа закачена на ѕидот, една прочуена слика на еден француски сликар, Енгр (Ingres), кој ако не се лажам, умре пред 2-3 години. На она дело што на овој сликар му отвори славно место во ликовната уметност, најнапред се забележува еден мошне почитуван но слеп старец на чиешто лице е изцртана стара мудрост смешана со жива детска невиност, а над и околу неговата глава сосема нежно летаат како небесни и крилати суштества во вид на прекрасни, мили и љубезни девојки. Околу почитуваниот старец кој седи на кралски престол в страни или пред нозете стојат почитувани мажи, и едните стојат прави, други на колена, едни со книги, други со перо в рацете, но сите со длабока почит како да имаат да чујат нешто од благоговорливата уста на споменатиот старец“ (Балабанов, 1871: бр. 11, 337-338).

Иако авторот на написот не го наведува насловот на делото што го видел при посетата на прочуениот париски музеј, според содржината на вербалната репрезентација, како и според податокот што се однесува на

---

[4] „Ќе бидам строг на сè што е излишно. Indignor quandoque bonus dormitat Omerus. Нема да напишам ниту еден стих излишен или студен, за да си врви дејството со воодушевувачки чекори и љубопитноста да се задоволи и постепено да се засилува и книгата да биде мала и евтина, та насекаде да се воведе, и, со еден збор, да привлекува кон читање“ (Балабанов, 1871: бр 13, 385).

[5] Види слика бр. 2.

[6] Балабанов бил бугарски правник, лекар и политичар. Предавал старогрчки јазик и литература (1889-1898) и римско, византиско и канонско право (1892 – 1902) во новосоздаденото Вишо училиште во Софија, денешен Софиски универзитет „Св. Климент Охридски“.https://bg.wikipedia.org/wiki/%D0%9C%D0%B0%D1%80%D0%BA%D0%BE_%D0%91%D0%B0%D0%BB%D0%B0%D0%B1%D0%B0%D0%BD%D0%BE%D0%B2. Посетено на 20.12.2016 год.

името на авторот на сликата (Ingres), со голема веројатност може да се заклучи дека Балабанов го имал предвид делото од француското неокласичен сликар Жан Август Доминик Енгр (Jean-Auguste-Dominique Ingres, 1780 – 1867 год.) насловено како *Апотеоза на Хомер*.[7]

Импресиите од сликата на Енгр, со кои Балабанов ја преточува честа што великите древни и современи автори му ја искажуваат на Хомера во предговорот кон Прличевиот превод на *Илијадата*, претставуваат, всушност, израз на онаа критичка свест, која има за цел не само да го насочи вниманието на читателите кон делото туку и да го нагласи еманципаторскиот ефект од чинот на појавата на еден од првите словенски препеви на Хомеровото поетско книжевно дело на Балканот.

Токму по повод на овој превод, Балабанов, кој како професор по старогрчки јазик и самиот го читал Хомера во оригинал, во своето ненасловено соопштение кон преводот ќе рече: „ ...откако се принудив крадешкум да фрлам еден поглед на првата песна на првобитниот старогрчки јазик, малку остана да заборавиме сè за Хомера, затоа не само со восхитувачка радост и секаква пофалба го прифаќам достојното дело на ученият Г.С. Прличев, но и топло го препорачувам на сите сонародници и ги повикувам на сесрдност сите чувари на народниот развој во секој однос да го поткрепат, кој како може, ова книжевно дело, кое ќе направи епоха во нашата народна книжевност“ (Балабанов, 1871: бр.11,338 – 339).

Продолжението на преводот на *Илијада*, во обем од 90 преведени стихови, кои соодветствуваат на 137 стихови од изворниот текст (стих 226-363), се појавува во изданието на списанието *Читалище,* со број 12, од 15.3.1871 год., додека во изданието со број 13 од 1.4.1871 год., се објавени наредните 98 стихови како трето продолжение од *Алфа на Илијада*, кои соодветствуваат на 120 стихови од изворниот текст (стих 364-484).

Во предговорот кон оваа објава со третото продолжение од преводот, Балабанов го објавува поголемиот дел од писмото што Прличев го упатил до редакцијата во кое го соопштува методот на работа, подвлекувајќи ја притоа тежината на делото со кое се зафатил: „Би било БЕЗУМНО да преведувам точно, буквално. Тогаш мојата цел никако не е постигната. Затоа преводот ќе биде СЛОБОДЕН. Споредете ми го преводот со рускиот или со изворникот и сум уверен дека ќе дојдете до заклучок како целта ми е постигната. Ах, да знаев подобро старобугарски. Во преводот наидувам на многу тешкотии и забавувања.

[7] Види слика бр. 1.

Кога еден стих е добар, силен, природен, тоа значи дека е обработен САКАМ МОЈОТ ТРУД ДА ГО ОЛЕСНИ ЧИТАЊЕТО“ (Балабанов, 1871 : бр. 13, 385-386).

И покрај тоа што редакцијата во своите најави го цени преводот како убав и гладок, неговите карактеристики, како на пример, јазикот на кој е направен (охридскиот дијалект, со присуство на многу бугаризми и русизми), изборот на метарот (десетосложниот стих на народниот јуначки еп, наместо дактилскиот хексаметар) и формата на редуциран слободен препев (изоставање на „студените“ и „излишни“ стихови и избор на „блескавите страници“) ја предизвикуваат, од една страна, крајно негативната критика, која инсистира на прецизен превод на литературен јазик. Тоа се согледува од острото слово што го изрекува Нешо Бончев за препевот на Хомеровата *Илијада,* во *Периодическо списание* (Бончев, 1871: бр.4, 90-109).[8] Со оваа објава, која има за цел да изнесе „праведно слово“ за преводот на Прличев, не е поштедена ниту личноста на главниот уредник на списанието, Балабанов, ниту неговата препорака кон читателите. Во однос на препевот, Бончев е дециден: „Г. Прличев не го превел Хомера, туку острижен го понудил на Бугарите, и го дополнил и го украсил по свој вкус, нешто што не си го дозволил ниту еден од познатите европски преведувачи, ниту Фос, ниту Гнедич“ (Бончев, 1871: бр.4, 92). Во продолжение на својата реакција, критичарот ги изнесува аргументите врз основа на кои ги темели своите ставови. Тие се однесуваат на:

1) скратувањата што ги презел Прличев: „225 стиха кај Хомер, Прличев ги предава со 143 препеани стихови. Она што Хомер го опеал со 3825 слогови, Прличев го предава со 1430“;

2) на јазикот на кој е направен препевот: „силната љубов кон буквата ы, која го нагрдува текстот и стои како туѓа, де е потребна де не е“;

3) на метричките особености што го обликуваат стихот („сложен не по правила, а произволно, по урнек на народната поезија“ и

4) на правописот: интерпункциските знаци „се ставани разбркано: каде треба запирка, турена е точка“ (Бончев, 1871: бр.4, 92).

Оттука, имајќи намера да ги посочи скратувањата, но и да укаже на дополненијата во препевот што ги направил Прличев, Бончев, од една страна, го дава на увид на читателите она „што го говори Хомер“ во

---

[8] Во истиот број на списанието, бугарскиот поет Христо Ботев, со строфа од песната „Зошто не сум“, го критикува Прличевиот препев на *Илијадата*:*Защо не с'м и Прличев,*
*да преведа „Илијада“,*
*но с' такъв превод, за който*
*и лобут да ми се пада?*
(Поленаковиќ, 1973: 231).

сопствен превод, а веднаш до него, го поместува „преводот на нашиот пејач“, предавајќи го со курзивно писмо.[9]

Објавите на Прличевите преводи на *Илијадата*, во списанието *Читалище,* се заокружуваат во изданието со број 16 од 15.5.1871 год., кога во продолжение на последниот дел од преводот на првото пеење на *Илијадата,* насловено како *Алфа на Илијада,* во обем од 37 стихови (во изворникот, овој дел изнесува 127 стихови, од 484 до 611стих) е публикуван и преводот на дел од второто пеење од *Илијадата*, со наслов *Вита на Илијада,* во обем од 239 стихови (стих 368-607).

Тогашниот уредник на списанието Лазар Јовчев[10], во ненасловениот предговор кон објавата нагласува дека редакцијата не случајно му го отстапува првото место на преводот во ова издание на списанието, покажувајќи им ја со тоа на читателите не само безграничната почит кон бесмртното дело на Хомер, но и кон благородниот труд на Прличев (Йовчев, 1871: бр. 16, 481). Во согласност со уредувачките политики на редакцијата, Јовчев ги истакнува значењето на делото и квалитетот на препевот, велејќи: „Да поседуваме во добри стихови еден писател кој бил восхит на сиот учен свет од 2000 години и повеќе е богатство за народната писменост. Затоа, како што и претходниот уредник на *Читалище,* г-н Балабанов, го пофали овој труд, така и ние го препорачуваме и посакуваме на публиката, за да може Г. Прличев да го приврши пофалниот и патриотски чин“ (Йовчев, 1871: бр. 16, 485).

И покрај безусловната поддршка што му била искажана од редакцијата на списанието *Читалище*, острата критика ќе го натера Прличев да го уништи својот прв препев и ќе го поттикне, малку подоцна, да направи нова верзија на „општославјански“ јазик, што како преведувачки чин ќе биде протолкувано како уште поголемо оддалечување од својот роден говорен јазик и од бугарскиот книжевен јазик. Својата намера и мотивацијата, да твори на јазикот што го замислувал како заеднички јазик на сите Словени, Прличев ги искажал и во есејот *Критик и преведувач*, кој всушност, претставувал предговор кон втората верзија на преводот на бесмртниот Хомеров еп. Таму, нашиот преведувач вели вака: „Една е словенската граматика и ќе

---

[9] Види слика бр. 3.

[10] Публицист, преведувач и православен духовник. Уредник на списанието *Читалище* од мај 1871 до мај 1872 год. Подоцна, откако е избран за Егзарх на Бугарската егзархија (1877), го носи името Егзарх Јосиф I. http://homoviator-bg.net/?p=88, посетено на 25.12.2016 год.

настане време кога едно општо наречје ќе ги сврзува сите словенски племиња. Тоа може да е сон, но е нужда велика. Тоа е идејата што ме побуди да ја следувам, уверен дека други ќе го завршат тоа дело. Мие, грчки воспитаници, не сме опитни во никое од словенските (писмени – Т.Д.) наречја и, особено, во бугарското, зашто сме лишени од добар речник“ (Прличев, 1974: 18).

Освен кон прашањата околу јазикот на кој преведувал, Прличев во споменатиот есеј ги изнесува своите сфаќања и за преведувачкиот чин. Во драмската спротивставеност на двете миметички лица, она на критичарот, чиишто ставови наоѓаат реална подлога во остриот став на литературната критика кон преводот на *Илијадата* и, од друга страна, преку миметичкото лице на преведувачот, со кое го изложува својот одговор кон неповолната критика, тој ги експлицира и другите прашања околу преведувачките обиди за приопштување на Хомеровата *Илијада* и ја развива својата теорија за преводот на херојската епопеја и во однос на скратувањата што ги направил според изборот на „блескавите“ страници како и во однос на јазикот на којшто преведувал.

Во однос на изоставувањата на помалку блескавите страници, но и на дополнувањата што ги презел, Прличев посочува и други примери од светската литература (*Библијата* или *Дон Кихот,* на пр.) и прашува: „Требаше ли, за атер на педантите, да ги преведам точно сите празни разговори, коишто и најстрасните љубители на поезијата не ги читаат?“ (Прличев, 1959: 112). На нападите од критиката дека при преведувањето на *Илијадата* употребувал стари, заборавени зборови, Прличев одговара дека „темноста“, односно неразбирливоста на преводот не зависи од зборовите, туку од недосмислените мисли или од претераните изрази (Прличев, 1959: 114). Ваквиот аргумент, како што забележува Митевски, јасно покажува дека Прличев „добро ги познавал научните достигања во хомерските студии од неговото време. За разлика од неговите критичари кои тргнуваат од конзервативните и би рекле, застарени сфаќања на хомерската поезија според кои Хомер е некаква историска личност, а *Илијада* и *Одисеја* се негови индивидуални и целовити дела, нашиот преведувач нуди модерен и научен концепт кој допушта посебни или скратени изданија“ (Митевски, 2008: 118).

Во однос на другите напади со кои се соочувал Прличев и кои, во најголема мера, се однесувале на употребата на многубројните архаизми и, воопшто, на јазикот на кој ја преведувал *Илијадата*, како особено показателен се чини ставот до кој се придржувал, а кој имал за цел да укаже на фактот дека е невозможно точно да се пренесе духот на Хомерските епови, без да се обрне внимание на сите јазични предности (Прличев, 1959: 111). Оваа аргументација уште еднаш го потврдува

преведувачот Прличев како извонреден познавач на хомерскиот јазик. Имено, како што посочува и Митевски, Прличев знаел дека во хомерскиот грчки се содржани најразлични јазични форми од еден подолг временски период и од скоро сите грчки дијалекти. Токму поради таа специфичност, Прличев го доживувал хомерскиот грчки јазик како конвенционален јазик на древната епска поезија. Оттука се чини разбирлива неговата замисла да го направи преводот на *Илијадата*, на јазик втемелен на основите на старословенскиот, рускиот и македонскиот народен говор, и на тој начин, да создаде доволно цврста основа врз која ќе може да го пренесе духот на ова значајно поетско дело.

И покрај острите критики за недостатоците на препеаните стихови од *Илијадата*, во одгласите за преведувачката дејност не изостанува и нужното разбирање на подоцнежните критичари – поетите Константин Величков, Петко Славејков и Иван Вазов, кои ги изнесуваат своите размислувања во бугарската периодика.

Величков, во својата рецензија со наслов *Преводот на 'Илијада' од Григор Прличев* (Величковъ, 1894: 34-52), што ја напишал по смртта на Прличев, жали за уништувачкиот резултат на критиката на Бончев, иако ја смета за аргументирана. Во поглед на јазикот на кој е изготвен преводот, тој издвојува неколку елементи (литературно-бугарски, македонско-бугарски и старобугарски), подвлекувајќи дека ниту еден писател дотогаш не постигнал такви резултати, иако слични обиди се случувале и претходно.

Димитар Матов[11], во своите размислувања за преводот на *Илијадата* од Прличев, ги нагласува недостатоците на искажаната критика кои се однесуваат на фактот што при носењето на вредносниот суд таа критика не ги земала предвид сите аспекти на преводот. Затоа Матов, со нужно разбирање ја коментира контроверзната постапка на скратување со којашто се служел Прличев при преведувањето, не поради тоа што наидувал на сопки, или поради тоа што не го познавал изворниот текст, ами затоа што тоа го правел плански, со намера да го „побугари" делото (Матов, 1894 :152).

Како израз на поумерените критички ставови може да се наведе и стојалиштето на македонскиот преродбеник Ефтим Спространов, на страниците на списанието за наука, литература и општествен живот, *Български прѣглед*, каде што ја објавил својата *Белешка за двата превода на 'Илијада' од Григор Прличев*. Спространов, во своето

[11] Лингвист, фолклорист и етнограф, роден во Велес, во 1864 год.

соопштение, ги дополнува веќеизнесените мислења за преводот на Прличев од страна на Константин Величков и оние од Нешо Бончев на следниов начин: „Покојниот преведувач колку повеќе се доближувал кон староста толку повеќе бил опфатен од идејата за едно заедничко словенско наречје. Под влијание на таа идеја, тој сосема го изменил слогот. Членовите воопшто не ги употребува, иако во првиот превод ги употребува трите члена што се говорат во Македонија. Се среќаваат сите седум падежи; многу стари зборови и цели словенски обрати. Овој превод поскоро може да се нарече црковнословенски или руски, но никако бугарски. За интерес на читателите, тука приложуваме две паралелни места од првиот и од вториот превод“ (Спространовъ, 1894 : бр. 6, 169).

При компаративната анализа на двата препева на *Илијадата*,[12] Спространов, всушност, ја издвоил објавата во списанието *Читалище* како поубава, лесно читлива и поблиска до говорниот јазик, од онаа варијанта на *Илијадата* преведена на т.н општословенски јазик, која ја читал во ракопис.[13]

---

[12] Види слика бр. 4

[13] Ракописот на оваа верзија на преводот на *Илијадата* од Григор Прличев која ја читал Спространов денес се чува во Државниот архив на Р. Македонија во Скопје под бр. 1.831.1.1/ 1-40. Дека станува збор за резултатот од вториот обид на Прличев да ја приопшти *Илијадата* на словенското население покажува идентичноста во означувањето, насловувањето и превоните решенија на двата текста. (Спореди со слика бр. 5)Имено, споредбата на препевите покажува дека означувањето и насловувањето на првото пеење и во двата случаја гласи:

***Втори прѣеводъ (изъ ржкописа) А. Пѣсенъ 1. Моръ и Гнѣвъ*.**

Истото се однесува и на преводот на првите шеснаесет стихови од *Илијадата*, кои Спространов ги публикува на страниците на списанието *Български прѣглед* за да ги спореди со првите деветнаесет стихови од *Илијадата* публикувани во списанието *Читалище*

Овој втор досега непубликуван превод на *Илијадата* е сочуван во ракопис во обем од 40 листови со сина боја и димензии 21,5 см. x 25,5 см. Текстот на преводот на секој лист е организиран во две колони (колумни) од по четириесеттина стихови во карактеристичниот за Прличев ситен и педантно изведен ракопис. Внимание привлекуваат бројните корекции на одредени зборови или стихови, како и нумерцијата на преведените стихови за кои со сигурност може да се зборува откако ќе се расчита и дешифрира интегралниот текст на оваа верзија на преводот на *Илијадата*.

Според разликите во преводните решенија на поедини зборови (вупно 4) од оваа верзија на преводот со верзијата на првите шест стихови што Прличев ги приведува во својата исповед како пример и показ за новиот стил на преведување (со употреба на сите падежи и причастија како и се поголемо словенизирање со замена на грчките зборови од интернационалната лексика со словенски еквиваленти (на пр. придавката иројских со јуначкыхъ)), оваа преводна верзија на *Илијадата* се датира во периодот откако ја напишал *Автобиографијата* (16 април 1884 – 1 мај 1885 год.).

Во рамки на обземеноста од сесловенската идеја, според која Прличев верувал дека го изготвил преводот на *Илијадата* на јазик достапен на сите Словени, Спространов, всушност, се согласува со претходноизнесената забелешка за најголемиот недостаток: „...дека овој превод не е современ како првиот и не може 'да стане рачна книга' " (Спространовъ, 1894: бр. 6, 170).

Во истиот број на списанието *Български прѣглед*, веднаш по написот на Спространов, со своја белешка се огласува и Александар Теодоров-Балан (Теодоров, 1894: бр. 4, 170-172). Неговата оцена за преведувачката акција на Прличев се јавува во време кога фрагменти од *Илијадата* се приопштени во бугарската културна средина на книжевен бугарски јазик од страна на Филип Велиев, Нешо Бончев и на Иван Вазов. Оттука, Балан, откако се осврнува на поетските постигнувања на Прличев, тој ги сумира своите согледби на следниов начин: „Прличев сакал да ја приспособи древната *Илијада* на новото време, да ги испушти расказите, кои се однесувале на Елините, а нас веќе не нè вознемируваат, и сето тоа да го искаже со еден јазик, кој можат донекаде да го разберат и другите Словени" (Теодоров, 1894: бр. 4, 171).

Искажаните вредносни судови за препевот на *Илијадата* (поаѓајќи од препораките на Балабанов, Јовчев и Славејков, како уредници на редакцијата на списанието *Читалище*, преку крајно негативните искажувања на Бончев, Ботев, Каравелов и др., па сè до поумерените критички стојалишта на Величков, Спространов, Балан и др.) покажуваат дека дијахрониското проследување на определено книжевно дело во превод претставува резултат на доследно и систематско споредбено проучување на преведувачката практика, својствена за определен период. Реконструирањето на веќеутврдените преведувачки норми, кон кои се придржувале преведувачите во определен период, покажува дека станува збор за сложен процес. Низата објективни фактори што го условуваат начинот на јазичната трансформација, кои треба да се земат предвид, се однесуваат на комуникативната функција на делото во меѓулитературниот процес, што од своја страна подразбира преиспитување на внатрешните потреби на рецептивната средина, определување на нејзините предиспозиции да ги апсорбира литературните појави од други јазични и културни средини како и да реагира на уметничките особености на преведеното дело (Ѓуришин, 1987: 154). Овие објективни чинители најчесто се придружени и со фактори од субјективен карактер, кои се однесуваат на уметничкиот вкус на преведувачот, на потенцијалот на преведуваното дело како и на изборот на преведувачките методи итн.

Поаѓајќи од ставот дека проучувањето на преведеното дело, во определен период и во дадена книжевност, во најголема мера се темели на библиографските податоци што го распространуваат знаењето од другите култури (Анри-Пажо, 2002: 75), може да се каже дека увидот во преведувачките практики на класични дела, во поширокиот европски литературен контекст, открива примери на преведувачка дејност мошне блиска на Прличевата, кои се втемелени на што поголема слобода на преведувачот во однос на изворникот. Работата на преводот на *Илијадата*, сфатена како работа врз јазикот, мислата, естетиката и културата на „другиот", во европскиот културен контекст на XIX век, познава извесни случаи на преводна рецепција, кои дозволуваат за преводот да се говори како за резултат на слободно или на произволно поставени критериуми од страна на преведувачот

Во насока на скратувањата и на адаптирањата на одделни делови од изворниот текст на *Илијадата*, показателен е случајот со францускиот препев на ова дело од осумнаесеттиот век, на Антоан Х. д' ла Мот. Авторот на преводот, во предговорот кон делото, ги објаснува своите преведувачки постапки на скратување и коригирање на оригиналниот текст од изворникот, на следниот начин:„Јас ги земав оние делови од Илијадата кои ми се чинеа достојни, а си земав слобода да изменам сѐ што сметав дека не е на место, дека е непријатно... Често изоставував цели песни... ги скратив дваесет и четирите песни на дваесет... Ако се знае дека и повторувањата кај Хомер изнесуваат една шестина од Илијадата... ќе разберете дека мене не ми беше тешко да ја скратам поемава и без да ги изгубам важните карактеристики на приказната... Ги искоригирав оние недостатоци кои предизвикуваат шокантен или здодевен впечаток" (Сталев, 2005: 123).

Во однос, пак, на прашањата што се однесуваат на јазикот на кој се преведува, може да се спомене статијата со наслов *Хомеровската поезија и старата француска поезија.* Со примерот на оваа студија, објавена на 1.1.1847 год., во *Revue des deux Mondes*, од Е. Литре, Шервел припомнува на тоа како може кон средината на XIX век да се пренесе *Илијадата* со асонансирани стихови на француски јазик од XIII век. Намерата на авторот на статијата, како што пренесува Шеврел, е да ја посочи стратегијата на дистанца кон оригиналниот „странски" текст, која иако го прави разбирлив, сепак задржува извесна „туѓост" (Шеврел, 2005: 22).

Сосема на крајот, паралели со Прличевиот преведувачки модус може да се повлекуваат и во однос на преводниот метар. Во поглед на версификаторската постапка на замена на херојскиот хексаметар со десетерецот од народната поезија, може да се каже дека оваа постапка

не претставува изолиран случај во преводната историја на *Илијадата,* во поширокиот европски книжевен контекст од XIX век. Имено метарот на народната јуначка поезија, освен за Прличевиот превод е карактеристичен и за чешкиот препев на *Илијадата* од времето на чешкиот романтизам (Сталев, 2005: 122).

Од сето кажано, може да се заклучи дека острата критичка реакција кон Прличевиот препев на Хомеровото класично дело претставува, всушност, израз на зародената, уште во XVIII век, свест за нееднаквоста на јазичните и културните системи. Оваа свест која посветила внимание на техничката страна на преводот, преку внимателно одмерување на неговите составни делови (морфолошки, синтаксички, фонетски, прозодиски, семантички итн.), го согледува преведеното книжевно дело, според размислувањата на Пажо, и во однос на определен национален дух, на една јасна културна традиција (Анри-Пажо, 2002: 84).

Погледнато во поширокиот балкански контекст, приопштувањето на *Илијадата* на некој од словенските балкански јазици означува нешто многу повеќе од едноставно задоволување на културолошка нужда или приклучок со хуманистичките и прогресивните струења што во овој период се одигрУваат во поширокиот контекст на западната европска културна средина. При приопштувањето на античкото литературно наследство на Балканот треба да се имаат предвид сфаќањата на рецептивната средина за ова книжевно наследство од што произлегува и карактеристичниот однос на рецептивната средина кон класичното дело. Согледбите од оваа визура ја посочуваат античката литература во балканскиот контекст од XIX век како тешко достапна литература, литература која не подлежи на слободна интерперетација и пресоздавање од страна на преведувачот. Освен императивот за еквилинеарен и точен превод според пиететот што го изразувала интелектуалната елита кон делата од античкото литературно наследство и особено кон делата на Хомер, при разгледувањето на процесот на нивната преводна рецепција, треба да се земат предвид и состојбите со јазикот во рецептивната средина, како и целта што треба да ја обезбеди преводот на едно класично литературно дело – да ги зацврсти националното чувство и самобитноста на рецептивната средина.

Од оваа перспектива, неуспехот што го доживува Прличевиот превод на *Илијадата* не претставува резултат на несовесно изведена традуктолошка дејност. Острите критики што се однесуваат на преведувањето на ритамот и на другите елементи на версификацијата на делото, заедно со критиките што биле упатени кон изборот на она што е преведено, она што е трансформирано, она што е (и зошто) е

супституирано или адаптирано, ги актуализира, всушност, интерславистичката идентификација и сфаќањата на преведувачот. Овие идеи за словенско интеркултурно разбирање, во кои Прличев толку многу верувал и настојувал, се присутни не само во неговиот преведувачки ами и во неговиот творечки идентитет и опус. Тие ги истакнуваат токму процесите на „*творечко* апсорбирање на искуствата од туѓата култура, при што таквиот творец не се откажува од себеси, од своето место во времето, од својата култура, зашто, прифаќајќи го туѓото, ништо не заборава и од своето“ (Ѓурчинов, 1994: 67).

Сето тоа покажува дека разгледувањето на книжевното дело на Григор Прличев на фонот на балканскиот културен плурализам од XIX век, треба да се согледува и во аспектот што го отвора неговата преведувачка дејност на дела од античката литература, преку соодветна анализа на јазикот на кој преведувал и на преведувачкиот стил што го негувал.

**Архивски материјал:**

Архив на Македонската академија на науките и уметностите
I/2 Прличев, Григор – Илијада – „Алфа на Илијадата“, на макед. ј., препев ..., 25 л. 16
I/3 Прличев, Григор – Илијада ракопис на макед. ј., препев ..., 2 л., 8 и 1л., 16
I/4 Прличев, Григор – Илијада ракопис на макед. ј., препев ..., 38 л., 8

Државен архив на Р. Македонија
Папка прва
I Превод на Илијадата, ракопис на македонски јазик, 40 листа;
Папка втора
II/7. Илијада, препев од Григор Прличев, фотокопии 5 листа и преводи отчукани на машина 9 листа

**Литература:**

Анри-Пажо Даниел, 2002, *Општа и компаративна книжевност*, Македонска книга, Скопје.
Балабанов, Марко, 1871,*Читалище*, Цариградъ, бр. 11, стр. 337-344.
Балабанов, Марко, 1871, *Читалище,* Цариградъ, бр. 13, стр. 387-388.
Бончев, Нешо, 1871, *Периодическо списание,* бр. 4. стр. 90-109.
Boileau, Nicolas. 1815. *L'art poetique.*Paris.
Величковъ, Константин, 1894 „Прѣводътъ на Илияда од Григор Пърличевъ“ *Календарче св. Кирилъ и Методий за 1894 г.* стр. 34-52.

Димовска, Весна, 1994. *Античката литературна традиција во македонската литература од времето на преродбата*, Маг. труд. Филолошки факултет – УКИМ, Скопје.

Ѓуришин, Диониз. 1987. *Теорија на споредбеното проучување на литературата*, Наша книга, Скопје.

Ѓурчинов, Милан. 1994. „Делото на Григор Прличев на Фонот од Балканскиот културен плурализам“, *Животот и делото на Григор Прличев, Реферати од научен собир одржан во Скопје на 21 и 22 април 1993 година*, МАНУ, Скопје.

Йовчев, Лазар, 1871, *Читалище,* Цариградъ, 15.5., бр. 14, стр. 481-485.

Поленаковиќ, Харалампие, 1973. *Во екот на народното будење*. Мисла. Скопје.

Прличев, Григор. 1959. *Одбрани страници*, Приредил Тодор Димитровски, Кочо Рацин, Скопје.

Григор, Прличев, 1974. *Собрани текстови*. Приредил Тодор Димитровски, Македонска книга. Скопје.

Матов, Димитар, 1894 „Календарче св. Кирилъ и Методий за 1894 год.“, *Българскu прѣглед*, бр. 5, София, стр. 151-152.

Матов, Димитър, 1895, „Гр. С. Пъличев. Книжовно – биографични чертици“, *Български прѣглед*, книга 4-5, София, стр. 157-172.

Митевски, Витомир, 2008, *Епски теми. Античката и македонската епска поезија*. Матица. Скопје.

Настев, Б. 1953. „За интересот на Прличев за францускиот јазик и литература“, *Македонски јазик*, билтен на катедрата за југословенски јазици, Филозофски факултет, Скопје, бр.1, стр. 34-45.

Спространов. Е. 1894. „Бѣлѣжка за двата прѣвода на ’Илияда‘ отъ Григора Пърличевъ“, *Български прѣгледъ*, книга 6, стр, 167-170.

Сталев, Георги. 2005. *Творечкиот лик на Григор Прличев*. ИМЛ, Скопје.

Теодоров, Александар. 1894. *Български прѣгледъ*, София, бр 4. стр.170-172.

Шеврел, Ив. 2005. *Компаративна литература*, Магор, Скопје.

**Слики:**



# Алфа

НА ІЛІАДѪ

—

Пѣй ми музо (а) ярость Ахілевѫ. (б)
Тя ми бѣды устрои Еллиномъ. *)
Тя испрати в' адовы тъмницы
Неброимы душы юначескы.
Тя насыти со меса юначкы
Псы-нѣ гладны и хищнынѣ птицы.
Се вършеше воля Зевесова. (в)
По что ради раздоръ да ми двигнѫтъ
Юнакъ Ахіль и царь Агамемнонъ (г)
Разгнѣвани другъ противу другу?
Старецъ Хрvсисъ Фивосовъ (д) свещенникъ
Гърбавъ иде кѫде полкъ Еллинскій
Да избави дщеркѫ заробенѫ.
Старецъ носи откупъ драгоцѣнній.

(а) Музы деветь, дщерки Зевесовы, богыны на Музикѫ, Поезіѭ, и всѣкоѭ наукѫ. *(1)*

(б) Ахіль сынъ на Пилеа и Θетідѫ най изящный въ Еллинскы-ты Герои.

(в) Зевесъ, или Дій или Зинъ или Юпитеръ, царь боговомъ и людемъ (Гърцинкъ).

(г) Агамемнонъ сынъ Атреевъ и братъ Менелаевъ, царь въ Мvкинѫ, Еллинскій военачалникъ.

(д) Фивосъ или Аполонъ, сынъ Завесовъ, Богъ на Музикѫ, на лѣкарство, на гаданіе, на стрѣляніе, на слънцето, и съдружникъ на Музыты.

(*) Бележка. После ся нарекохѫ Еллини. Омиръ гы нарича 'Αχαιοί (отъ Ахаіа) 'Αργεῖοι (отъ градъ Аргосъ въ Мореѭ), Δαναοί (отъ Данаосъ Египтянинътъ пресселенъ въ Мореѭ). А войницити Ахілевы гы нарича, особито Μυρμιδόνες и сами тіи бѣхѫ отъ Θессаліѭ. А Θракійци и Македонци (Παίονες Пѣанци) даже и Ларисçяне отъ Θессаліѭ пратихѫ помощь на Троянцы.

(1) Еще отъ първый стихъ Божественный Омиръ, и музѫтѫ си призовава на помощь, и влиза въ предметътъ.

*Слика 1*: Факсимил од преводот на „Илијадата“, објавен на страниците на списанието *Читалище*

*Читалище*, 1871, Цариградъ, бр. 11, стр. 340.



*Слика 2*: Енгр. Жан Август Доминик. „Боготворењето на Хомер или Хомерова Апотеоза“. 3.86 x 5.12 Лувр, Париз. http://www.louvre.fr/en/mediaimages/homere-deifie-dit-aussi-l-apotheose-d-homere Посетено на 27.12.2016



КРИТИКА. 97

| | |
|---|---|
| Най първо мескове богъ порази, послѣ празднитѣ псета, | Умори ми пьрво псы и мьскы, |
| Послѣ и самата войска удари стрѣла смъртоносна; | Послѣ мѫжы войницы прѣхрабры. |
| | *Дърва сѣчатъ Еллини на горѫ* |
| Мре! — и огньове всѫдѣ се запушихѫ, мъртвитѣ палятъ. | Та ми горѭтъ тѣла юначескы. |
| | *Кой си брата кой си татка плаче.* |
| Деветъ ми деня лѣтѣхѫ по воинство богови стрѣли, | Деветь дена сребренъ лѫкъ върлува. |
| А на десетиятъ сборъ Ахилесъ посъбра отъ народа: | День десетій Ахиль сборъ събира, |
| Ира му въ сердце вложѝ, бѣлорамена вѣчна богиня: | |
| Свидно е неи да гледа какъ гине данаево племе. | |
| Послѣ откакъ се събрахѫ они и застанахѫ купно, | |
| Между събора станѫ Ахилесъ скороноги и рече: | Става, просто, велегласно дума. |
| „Сине Атреевъ! назадъ трѣба пакъ да се скитаме, мислѭ, | *„Слушайте ме войни и войводы.* |
| Въ милата наша земя, ако би отъ смъртьта да из- | *Нашы бѣды жегнахѫ ме въ* |

*Слика 3*: Факсимил од споредбената анализа на Бончев, објавена во *Периодическо списание.*

Бончев, Нешо, 1871, *Периодическо списание,* бр. 4. стр. 97.

**Първи прѣводъ (изъ „Читалище“)**
**Алфа**
**на Илияда**

Пѣй ми музо ярость Ахилева
Тя ми бѣди устрои Еллиномъ.
Тя испрати в'адови тъмници
Неброими души юначески
Тя насити со меса юначки
Псинѣ гладни и хищнинѣ птици
Се вършѣше воля Зевесова.
По что ради раздоръ да ми вдигнѫтъ
Юнакъ Ахилъ и царь Агамемнонъ,
Разгнѣвени другъ противу другу?
Старецъ Хрисисъ Фивосовъ священникъ
Гърбавъ иде кѫдѣ полкъ Еллински
Да избави дщерка заробена.
Старецъ носи откупъ драгоцѣнний.
Во дѣсница държи злато скиптъръ
Та на скиптъръ вѣнецъ Аполоновъ.
Сълзи мокрѫтъ бѣлана му брада.
Милно моли гърци черноoки
А повече царь Агамемнона:

**Втори прѣводъ (изъ рѫкописа)**
**А. Пѣсень 1.**
**Моръ и Гнѣвъ.**

Пѣй ми Музо гнѣвъ неумолими
Ахилея Пелеева сина;
Гнѣвъ, кой гъркъмъ много бѣдъ устроилъ,
В' Адъ низринѫлъ много душъ юначнихъ,
Плоть ихъ сдѣлалъ псовъ и птицъ ловитвой:
Зевсова ся воля съвършяла.
Что же сварой гибельной сцепились
Витязъ Ахилъ и царь Агамемнонъ?
Древній Хрисисъ Феба жрецъ почтенний
Сгърбленъ бродитъ п' стану Аргивянску
Да си дъщерь плѣнница искупитъ:
Старецъноcитъ искупъ многоцѣнний;
Скиптъръ злата държитъ онъ в' дѣсницѣ;
А на скиптрѣ вѣнецъ Аполлона;
Милно молитъ гърковъ, а найпаче
Два Атрида пастиря народовъ.

*Слика 4*: Факсимил од споредбата на преводните варијанти на *Илијадата* од Прличев на Евтим Спространов.

Спространовъ. Е. 1894. „Бѣлѣжка за двата прѣвода на 'Илияда' отъ Григора Пърличевъ“, *Български прѣгледъ*, книга 6, стр, 169.


(2)
А: ~~пѣсн~~
А: пѣснь 1.
Моръ и Гнѣвъ.
Пѣй ми Музо гнѣвъ неумолимый
Ахилея Пелеева сына; 27
Гнѣвъ, кой Гръкомъ много бѣдъ устроилъ, 66/66
в' Адъ низринулъ много душе юначкыхъ,
плоть ихъ сдѣлалъ псовъ и птицъ ловитвой; 80
Зевсова ся воля съвършяла.
Что же сварой гыбелной сцѣпилися 37
витязь Ахилъ и царь Агамемнонъ?
Древний Хрисисъ Феба жрецъ почтенный
съкрушенъ входитъ к' стану Аргывянску (α)
да си дъщерь плѣнницу искупитъ;
Старецъ носитъ искупъ многоцѣнный;
Скиптеръ злата държитъ онъ в' десницу;
А на скиптрѣ вѣнецъ Аполлона;
Милно молитъ Гръковъ, а наипаче 1
два Атрида пастыря народовъ. ~~6~~ (6)

Слика 5: Факсимил од ракописот на препевот на *Илијадата* од Григор Прличев.

ДАРМ
Прва папка
I Превод на Илијадата, ракопис на македонски јазик, 40 листа